Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање

Бр. 04-792/1

Скопје, 01-04-2026 година

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и („Службен весник на РСМ" бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 22 став (1) алинеја 2 став (3) став (8), став (13) и став (14) од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и (Службен весник на РСМ бр.143/19, 14/20 и 208/24), а согласно член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18) и (Службен весник на РСМ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) како и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда бр.01-2162/1 од 19.06.2015 година, бр. 01-1684/1 од 30.03.2016 година и бр. 01-1684/4 од 10.10.2016 година,01-2554/1 од 19.04.2018 година, 01-2554/6 од 05.06.2018 година и 01-5603/1 од 31.12.2019 година, 01-854/3 од 17.11.2020 година, 01-624/1 од 24.02.2021 година, 01-624/2 од 24.02.2021 година,01-1674/1 од 12.06.2023 година, 04-1080/17 од 14.12.2023 година, 01-166/1 од 15.01.2024 година, 01-166/4 од 12.12. 2024 година, 04-336/1 од 29.01.2025 година и 01-1458/1 од 27.06.2025 година, а по претходно Известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 19-8327/2 од 30.07.2025 година министерот за правда донесе

# ОДЛУКА

## За потреба за вработување на дваесет и три (23) извршители на определено време

### Член 1

Заради зголемен обем на работа се утврдува потреба од вработување на дваесет и три (23) извршители на определено време за периодот до 01.04.2026 - 31.12.2026 година за следните работни места:


Министерство за правдана
Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање

1. Помлад соработник за постапување по претставки во Одделението за постапување по претставки и поплаки по работата на правосудните органи – Сектор за правосудство - (1) извршител.

2. Помлад соработник за стручни, правни и организациски работи од областа на нотаријатот и медијацијата -Одделението за нотаријат и медијација – Сектор за извршување, нотаријат и медијација – (1) извршител.

3. Помлад референт-архивар за претставки и поплаки во Одделението за постапување по претставки и поплаки по работата на правосудните органи – Сектор за правосудство - (1) извршител.

4. Самостоен референт за техничка поддршка во постапките за јавни набавки во Одделението за јавни набавки – Сектор за општи работи - (1) извршител.

5. Самостоен референт (статистичар) во Одделението за организација на правосудните органи и следење на реформата на правосудниот сектор – Сектор за правосудство - (1) извршител.

6. Самостоен референт за бесплатна правна помош и ажурирање на документација во Подрачна канцеларија Кавадарци во Подрачното Одделение Неготино и Кавадарци -Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (2) извршители.

7. Помлад соработник за бесплатна правна помош во Подрачното одделение Ресен - Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

8. Помлад соработник за бесплатна правна помош во Подрачното одделение Кичево - Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

9. Помлад соработник за административна поддршка и ажурирање на документација во Подрачното Одделение Кичево- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

10. Помлад соработник за административна поддршка и ажурирање на документација во Подрачна канцеларија Демир Хисар во Подрачното Одделение Прилеп, Демир Хисар и Крушево- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.


Министерство за правдана
Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

11. Помлад соработник за бесплатна правна помош и евиденција во Одделението за бесплатна правна помош – Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

12. Самостоен референт за бесплатна правна помош и ажурирање на документација во Подрачното Одделение Струмица- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

13. Помлад референт-архивар за постапување по предмети од меѓународна правна помош во граѓанската материја во Одделението за меѓународна правна помош во граѓанска материја – Сектор за меѓународна правна помош - (1) извршител.

14. Помлад референт - доставувач во Подрачна канцеларија Крива Паланка во Подрачно Одделение Крива Паланка и Пробиштип – Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

15. Виш соработник за бесплатна правна помош во Подрачното Одделение Битола – Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

16. Помлад референт за бесплатна правна помош и архивирање во Подрачна канцеларија Велес во Подрачното Одделение Свети Николе и Велес - Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

17. Помлад референт за бесплатна правна помош и архивирање во Подрачна канцеларија Берово во Подрачното Одделение Берово и Радовиш – Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

18. Помлад референт за бесплатна правна помош и архивирање во Подрачна канцеларија Свети Николе во Подрачното Одделение Свети Николе и Велес -Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

19. Помлад соработник за бесплатна правна помош во Подрачна канцеларија Гостивар во Подрачното Одделение Гостивар и Дебар - Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

20. Помлад соработник за бесплатна правна помош во Подрачно Одделение Тетово - Сектор за бесплатна правна помош и политички систем - (1) извршител.

21. Помлад соработник за следење на нормативната рамка за човекови права во Одделението за човекови права и компаративно - правни анализи – Сектор за меѓународна правна соработка - (1) извршител.

22. Помлад соработник за нормативна дејност во граѓанската материја во Одделението за нормативна дејност во граѓанската материја -Сектор за правосудство - (1) извршител.

**Член 2**

Постапката за вработување потребно е да се спроведе во согласност со одредбите на Законот за вработени во јавен сектор. Вработувањето потребно е да се изврши со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË Скопје-Shkup

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Изработил: Марина Пуреовска Цветковски, виш соработник


Министерство за правдана Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification